# З А П И С Н И К

Од петтата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 24.02.2022 година, (четврток) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни:** 15 советници и претставници од администрацијата,

**Отсатни:** /

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред

## Дневен ред

1.Разгледување и усвојување на записникот од четвртата седница на Советот на општина Брвеница.
2.Разгледување на Правилникот за работен ред и дисциплина и етички кодекс на однесување на вработените во општина Брвеница.
3.Разгледување на Правилникот за начин на користење и одржување на службените возила и работните машини сопственост на општина Брвеница и ОЈП „Вардар„ - Брвеница.
4.Разгледување на Правилникот за користење на средствата за репрезентација на општина Брвеница и ОЈП „Вардар„ - Брвеница.
5.Предлог-Одлука за задолжување со службено моторно возило.
6.Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Брвеница за 2022 година
7.Предлог-Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобррение за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Брвеница.
8.Разгледување и усвојување на Предлог Програмата за работа на ОЈП Вардар за 2022 година
9.Разгледување и усвојување на одлуката за изменување на одлуката за ивршување на буџетот на општина Брвеница за 2022.
10.Разгледување и усвојување на четврт квартален извештај на буџетот на општина Брвеница за 2021 година.
11.Барање за ослободување од наплата за улично осветлување од БАЛ- КОМ ДООЕЛ, општина Брвеница.
12.Разгледување и усвојување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони во о.Брвеница.
13.Одлука со која се дава согласнос на Правилникот за изменувањето и дополнувањето на Правилникот за систематизацијата на работните места на ЈОУГД градинка “СОНЦЕ-ДИЕЛИ.”с.Брвеница
14.Предлог-Одлука за изменување на лица во составот на просторниот штаб за заштита и спасување.

Претседателот на Советот на почетокот ги поздрави присутните и кажа, имаме уште две дополнителни точки „**Разгледување и усвојување на Правилникот за постапката, начинот и**

**условите за користење на спортската сала „Коста Рацин„ во село Брвеница„** и **„Предлог-Одлука со која се дава согласност за изработка на Основен сообраќаен Проект и Ревизија на Проект за забавување на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Брвеница„ ,** материјал сте добиле по електронски пат и сигурно сте го разгледале што значи дека сега имаме 14 точки кои се на дневниот ред и плус двете дополнителни точки. Дали има некој да се јави за збор за изменивање и дополнување на дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот, дневниот ред со двете дополнителни точки го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатен од присутните 15 советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред **„Разгледување и усвојување на записникот од четвртата седница на Советот на општина Брвеница„** Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Мирослав Даиловски и кажа, во записникот од четвртата седница на Советот на општина Брвеница, уште на почетокот на истиот има една техничка грешка. На почетокот, во првата реченица стои „Од третата седница на Советот на општина Брвеница„ а треба да стои „Од четвртата седница на Советот на општина Брвеница„.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„Записникот од четвртата седница на Советот на општина Брвеница„** заедно со забелешката, ја стави на гласање и истата беше едногласно усвоена од присутните 15 советници.

**II**

По однос втората точка на дневниот ред **„Разгледување на Правилникот за работен ред и дисциплина и етички кодекс на однесување на вработените во општина Брвеница„** , Претседателот na Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за Статут и Прописи да даде извештај по однос оддржаната седница.

Претседателот на Комисијата за Статут и Прописи кажа, Комисијата за Статут и Прописи ја одржа првата седница, на седницата беа присутни сите членови на комисијата, материјал сме имале сите, на седницата по точките ни образлагаше од правната служба и доколку има потреба повторно ќе објаснат и на оваа седница на Совет.

Претседателот на Советот збор му даде на Секретарот на општината да образложи.

Секретарот кажа, вообичаена пракса кај сите институции е правата и обврските на вработените да се уредат на општ начин според Законот за работни односи. За Административните службеници и оние од јавниот сектор преку овој Правилник се спуштаме на детално ниво каде се пропишани сите права и обврски, како да се однесуваат државните службеници и сите оние работи кои ги опфаќа работата на администрацијата.

Претседателот на Советот отвори расправа и воедно постави прашања до Секретарот на општината. Претседателот на Советот кажа, од опишаното во член 7 од Правилникот не го разбирам делот по однос користењето на главниот влез од страна на вработените во општината и во член 11 од Правилникот каде што пишува дека не се дозволува снимање на објектот и секое друго снимање освен со одобрение од страна на Градоначалникот. Врз основа на кој закон е сето ова и во кој случај бидејќи знаеме дека новинарите доаѓаат и ја снимаат и зградата а и во зградата.

Секретарот на општината одговори, членот 7 од Правилникот се однесува на начинот на водење ред, се посочува главниот влез поради начинот на водење евиденција на работното време. Зградата

има специфичен изглед и затоа се потенцира дека влезот во зградата е таму каде што има поставен апарат за евиденција на работното време. Во член 11 општо прифатено правило е дека се забранува неовластено снимање и како такво е прифатено од сите институции. Како што кажав, така е во секоја институција а тоа е поврзано и со сите списи од општината за да не се доведе до ситуација граѓанинот да снима во просториите, оваа забрана значи се однесува на надворешни лица. А што се однесува до телевизиските куќи, тие во секој случај се знае како доаѓаат и како снимаат, тие секогаш доаѓаат на наш повик.

Претседателот на Советот се надоврза и повторно праша, дали ова подразбира регулирање и на она што ние овде кога држиме седници на Совет сме снимани и директно истото се емитува, дали се однесува на новинарите и дали тие претходно треба да поднесат барање кај Градоначалникот.

Секретарот одговори, во принцип секаде се бара дозвола за снимање и за разлика од град Скопје новинарите ние ги бараме и седниците се јавни но просториите во општинската зграда не треба да се снимаат.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Правилникот за работен ред и дисциплина и етички кодекс на однесување на вработените во општина Брвеница„** ја стави на гласање и истата беше едногласно усвоена од присутните 15 советници.

**III**

По однос третата точка на дневниот ред **„Разгледување на Правилникот за начин на користење и одржување на службените возила и работните машини сопственост на општина Брвеница и ОЈП „Вардар„ - Брвеница„** Претседателот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за Статут и Прописи.

Претседателот на Комисијата за Статут и Прописи кажа, исто така и оваа точка ја разгледавме на седницата, едногласно ја прифативме, предлагаме и вие да ја прифатите.

Претседателот на Советот, збор му даде на Секретарот на општината да објасни по однос точката.

Секретарот на општината кажа, вообичаена пракса е да се има Правилник во сите институции каде се користат службени моторни возила и имаат движен имот, тука се опишува начинот на нивно чување и одржување како и редовно вршење на контрола, односно како тие се чуваат и одржуваат. За таа цел Советот го задолжува Градоначалникот а Градоначалникот ги задолжува сите други како Секретарот, директорот на ОЈП со службени возила и во Правилникот точно е одреден начинот како да се користат истите за да се избегне злоупотреба. Фокусот е ставен на работните машини со кои располага ОЈП и согласно прилозите кои се во склоп со Правилникот, се задолжува лицето кое сите тие активности ги запишува а одделението ќе врши надзор над сите тие работи.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Абеб Нухии се јави за збор и кажа, во врска со член 3 од Правилникот, да се објасни подобро бидејќи тука пишува кој да ги користи службените моторни возила кои се на располагање на општината, тоа право може да го користи и Претседателот на Советот.

Секретарот одговори и кажа, поврзано со член 3 член 3а и член 4 каде се опфатени вработените во општината и ОЈП по функција и одредено е кој кого го задолжува. Што значи, Градоначалникот за Секретарот и за директорот на ОЈП, Секретарот за вработените во општината а директорот на ОЈП за неговите вработени. Врз основа на овластувањето кое ќе користи и за надворешни лица доколку се работи за извршување на службени работи, Секретарот може да го овласти и Претседателот на Советот а дури и советник може да побара возило за службени обврски. Да не се свати погрешно, не може службените машини да се користат за приватни работи во кој случај се

врши злоупотреба. Како за пример возачот на багер може да добие овластување и врз основа на овој Правилник каде точно е одреден начинот на користење и одржување на работните машини.

Абеб Нухии повторно зеде збор, благодарам Секретаре, тоа ми беше и прашањето, така звучи кога се чита, Секретарот и Директорот да имаат службено возило, ова исто така е и за граѓаните да слушнат дека Секретарот и Директорот имаат  право да го користат возилото 24/7 во текот на целиот ден и дали нее тоа големо овластување.

Секретарот одговори, во ниту еден момент во самиот Правилник такво нешто не беше спомнато, од вработените  ни Секретарот и Директорот немаат право 24/7 на возило а уште помалку дека можат да го користат во приватни цели. Таа цел ја има овој Правилник акцентот да се стави само за службени активности. Се казнува се што е надвор од овој Правилник,  злоупотреба на секаков имот на општината движен и недвижен. Воедно Ви благодарам што се даде прилика Правилникот да  се објасни детално. Значи, таа е целта на Правилникот да се избегне злоупотреба, досега единствен регулатор била ставка во Буџетот но сепак незначи дека лимитот треба да се искористи, можеби не мора да се потрошат тие пари до лимитот доколку нема службени патувања и слично.

Абеб Нухии се надоврза, благодарам Секретаре ние сме рурална општина и мене ми беше целта да се види како се користат службените возила.

Претседателот на Советот кажа, благодарам Абеб и дали има некој нешто по однос ова да праша или да каже инаку нема линк и седницата нее јавна а ние сме обврзани за седниците да бидат јавни, дали може да ни се објасни зошто не е live streaming.

Секретарот кажа, пристигнаа многу забелешки и поплаки по однос на стримингот, ние тука имаме превод и добро се разбираме во тој дел, тоа во етер кога одеше пример со собранието кога се пренесува имаме собраниски канал на македонски и собраниски канал на албански и лесно може да се одбере но во ситуацијата тука вие како Претседавач го користите правото на албански и 90% од преносот беше целосно на албански. Во консултација со Градоначалниот како да го надминеме проблемот беа ангажирани експерти во таа област, претежно стручни лица ја поставувале техниката тука која што е релативно скапа техника на задоволство на сите. Од нивна страна беше укажано дека техничката можност да оди на два јазика е невозможна или пак да се снима и некој директно да ги преведува. Втората варијанта беше да оди цело време со превод на македонски, или кога зборувам јас македонски да биде на македонски и кога зборувате вие кои користите албански само преводот да оди во етер. За да не се доведеме до ситуација бидејќи не сме таква средина имаме разбирање од секој аспект, за да оди или на два канала иако е скапа варијанта. Градоначалникот одлучи да нема живо пренесување, да нема реакции зошто сега оди на македонски а неоди на албански или како што беше да оди на албански а да не оди на македонски. Да нема такви поплаки и жалби, одлуката на Градоначалникот беше се додека не се изнајдат технички можности. Изминатата недела и Флорим беше со нив вклучен цело време да одиме без live streaming и ако седниците се снимаат сега, меѓутоа неодат во живо. Седницата е во живо, се снима  но неоди во етер.Токму од овие причини моментално ситуацијата е таква.

Претседателот на Советот кажа, мислам дека ова не е оправдување, ако одиме со бројки 40 со 60 соодносот на националностите, значи овие како снимања дали ќе бидат објавени подоцна, дали на албански или на македонски за луѓето да разберат што работиме ние. Значи, да не мислат тие дека доаѓаме за еден паушал, јас инсистирам ако неоди live јас имам страница и на мојот портал сакам да го имам, како вие што сте избарани и мие сме избрани , пред народот сакаме да објасниме што

работиме ние, значи сакам да биде на мојот портал за да им објасниме на луѓето што работиме ние. Значи да најдеме решени како ќе се одвиваат работи.

Адем Јетмир Јашари зеде збор и кажа, кога сум се кандидирал како советник без да биде директно пренесено на јавноста седницата нема смисол и јас денеска нема да бидам дел од оваа седница.

Претседателот на Советот кажа, во ред е, секој од советниците има право да седи или да ја напушти седницата.

Градоначалникот кажа, има веб страна и на истата има дневен ред, вие како советници не најдовте за сходно и претходно да побарате да работи веб страната и граѓаните да бидат информирани, далеку од тоа дека дека ние бегаме од транспарентност, како прошлиот пат кога дојде инспекција во врска со преводот, сега од другата страна ќе дојдат поплаки кај мене и ќе дојде инспекција, ние сакаме сите да бидат информирани и не бегаме од тоа, не криеме. Ова е техничка работа. Ние партиски сме дојдени тука и другата страна има обврски да свикаат состанок и на цело членство да објаснат и да образложат што е донесено и што не е донесено. Минатиот пат кога беше за преводот по албански јас подржав, сега е технички невозможно но е исправно што се пожалиле и сега за истото се жали и другата страна. Утре и тие ќе пратат инспекција зошто нема превод на македонски, кога ќе се создадат услови ќе се реши проблемот. Ние сами сме го вовеле тоа да биде во живо и така треба да биде. Сето ова што се случува овде утре ќе биде објавено на веб страната, кој сака да се информира на веб страната може да види. Ова ќе биде вака додека не изнајдеме решение.

Претседателот на Советот кажа, јас сум бил меѓу најголемите критичари секоја втора, трета седница сум барал да биде седницата на веб страната, сега е добра страницата, јас ве разбирам и вас, но во овој случај кај профилот што е на албански да биде live stream или пак линкот да ни се даде.

Градоначалникот кажа, ако може Флорим да го изведе тоа тогаш нема проблем.

Флорим кажа, сега за сега оди во live но нее во етер и на секој што сака ќе му биде пратено.

Абеб Нухии кажа, оваа техничка опрема кога е веќе ставена тука е ставена за да оди во live ако се зборува на македонски ќе оди на македонски а ако се зборува на албански и ќе оди на албански.

Градоначалникот кажа, знаете дека во врска со преводот имаше инспекција до Претседателот на Советот.

Абеб Нухии кажа, го пријавија Претседателот на Советот зошто зборува на македонски јазик.

Градоначалникот одговори, оваа новонастаната ситуација ќе се реши за една до две седници.

Абеб Нухии повторно се надоврза и кажа, нека се реши ситуацијата бидејќи нее во ред, седниците тука треба да се во живо, значи колку е транспарентно тука, оваа опрема нее ставена денеска тука, ставена е уште пред две-три години, мислам дека ова нее во ред, сите кои тука ме познаваат знаат дека јас немам трошка национализам во себе, ние сме 65% тука и едните и другите имаат право на мајчин јазик и никако поинаку. И со ништо друго не се согласувам.

Бујамин Рушити кажа, додека се надмине оваа ситуација ние имаме потреба на нашите профили да објавиме што работиме тука, затоа снимката од оваа седница да ни биде доставена на нашите линкови додека не се изнајде решение за проблемот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Правилникот за начин на користење и одржување на службените возила и работните машини сопственост на општина Брвеница и ОЈП „Вардар„ - Брвеница.„** ја стави на гласање и истата едногласно беше прифатена од присутните 14 советници.

**IV**

По однос четвртата точка на дневниот ред **„Разгледување на Правилникот за користење на средствата за репрезентација на општина Брвеница и ОЈП „Вардар„** - Брвеница.„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Секретарор на општината.

Секретарот кажа, овие средства освен што биле предвидени во Буџетот со ниеден друг акт небиле регулирани, со овој Правилник овие средства ги ставаме во рамка а има и препораки од Влада за рационално користење на државни средства. Се е утврдено, во кој обем и на кој начин може да се користат овие средства, на кој начин јавните средства ги регулираме и секако трошокот го ставаме на минимум.

Претседателот на Советот кажа, јас како советник го поздравувам тој Правилник но секако не се подразбира дека сите овие средства ќе ги потроши, да не помислат граѓаните дека ги има овие средства и дека ќе ги искористи, Градоначалникот овие средства ќе ги користи по потреба.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Правилникот за користење на средствата за репрезентација на општина Брвеница и ОЈП „Вардар„ - Брвеница.„** ја стави на гласање и истата беше прифатена со 13 „ЗА„ и 1 ,,Воздржан,,.

**V**

По однос на петтата точка од дневниот ред на **„Предлог-Одлука за задолжување со службено моторно возило„** Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Секретарот на општината.

Секретарот на општината кажа, оваа Одлука е условена од претходната, Советот го задолжува Градоначалникот службената кола да може да ја користи и од формален аспект ќе биде покриен.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Одлука за задолжување со службено моторно возило„** ја стави на гласање и истата беше едногласно изгласана од 15 присутни советници .

**VI**

По однос шестата точка од дневниот ред **„Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Брвеница за 2022 година„** Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за урбанизам.

Претседателот на Комисијата за урбанизам кажа, оваа точка едногласно ја прифативме, материјал имавме и се надевам сите сте го прочитале, повеќе за оваа точка ќе ни објасни Секретарот на општината.

Секретарот на општината кажа, во изминатиов период стигна барање кое не воведе во изготвување на ваква Програма. Во урбаните општини е востановено многу порано додека кај нас досега немало ваква Програма а сега по однос барањето од странка изготвивме, но да не биде дека наменски носиме па затоа кога веќе ја носиме опфативме се она што може да биде регулирано од постојки до тезги и се е утврдено, начинот на кој ќе се поставува, општината одредува локација и бенифитот е за општината бидејќи сето ова може да се наплати. Исто така бенифитот е и за сите оние дејности, глоби и казни. Преку оваа Програма се зајакнува туризмот, угостителството, бизнисот, спортот и културата. Што се однесува до рекламирањето на дејностите, билбордите ги ставивме за сите оние дејности кои би имале потреба за поставување на урбана опрема онаму каде ќе нема загадување или попречување на другите дејности.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Петседателот на Советот точката **„Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Брвеница за 2022 година„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на 14 присутни советници.

**VII**

По однос седмата точка на дневен ред **„Предлог-Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобррение за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Брвеница**„ Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа дека оваа точка е условена од претходната.

Секретарот на општината кажа, оваа точка е поврзана со Програмата, тука ја објаснив и целта и намената на самата Програма.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бдејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобррение за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Брвеница„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 15 советници.

**VIII**

По однос на осмата точка на дневен ред **„Разгледување и усвојување на Предлог Програмата за работа на ОЈП Вардар за 2022 година„** Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на најстариот член на Времената комисија да образложи по однос точка.

Најстариот член на Времената комисија кажа кој беше избран за Претседател на Времената комисија кажа, минатата седница ја формиравме Времената комисија но не избравме претседател затоа тоа го направивме оваа седница и сакам да ве информирам дека за Претседател на Времената комисија сум избран јас по предлог на Светлана Стаматовска. По однос точката која е на ред, материјал сите сме имале и сме го прочитале во кој материјал се опишуваат плановите за наредната година. На седницата на комисијата имавме еден предлог од страна на Адем Јетмир Јашари со помош на основачот да ги преземеме сите јавни водоводи, имаше и предлог за отворање нови бунари во село Милетино и село Брвеница, за село Милетино горниот дел на селото нема вода. За се друго поврзано со оваа точка тука е и претставникот од ОЈП кој ќе ни образложи.

Претставникот од ОЈП кажа, ова е План-Програма што се носи секоја година овој период. Во план ни беше преземање на сите водоводи, отворање на бунари за село Милетино и Брвеница и други, доколку имате дискусии или прашања повелете.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Алихасан Идризи се јави за збор и кажа, по однос оваа точка да се поврзам со село Теново, до пред неколку години со водоводот менаџираше селото а сега е во менаџирање на општината. Пред општината мрежата ја финансираа граѓаните од село Теново а сега кога граѓаните доаѓаат за приклучок им се бара пари, па по однос на тоа јас сугерирам за тие граѓани кои сакаат да се приклучат да има олеснителни околности.

Претседателот на Советот праша, дали сакате да ви биде одговорено усмено или писмено.

Претставникот од ОЈП кажа, водоводот во Теново е преземен во 2017 година, и овде во Брвеница го граделе граѓаните сами, а на граѓаните на Теново ние не им бараме пари туку само да плаќаат комунална такса.

Алихасан Идризи повторно зеде збор и кажа, од ова што кажа претставникот од ОЈП сакам да кажам дека нее вистина, јас зборувам за моето маало и граѓаните односно соседите платиле за приклучок, затоа јас барам да се ослободат од прикључокот ако постои можност.

Претставникот од општината кажа, согласно законот ние не можеме да им дозволиме приклучок додека не платиле.

Алихасан Идризи кажа, нее коректно на граѓаните да им се бараат пари, општината тогаш го презеде само со плаќање на долгот а цела мрежа е направена со самопридонес од граѓаните.

Претседателот на Советот кажа, вие писмено ќе добиете одговор, ако е законски ова што го барате тогаш е во ред, вие како советник мора да поднесете барање од граѓаните.

За збор се јави Дончо Симјаноски и кажа, околу водоводната мрежа за да имате информација и во село Брвеница водоводната мрежа е направена-поставена со самофинансирање и ископот сме го вршеле рачно. И повторно само како информација, ОЈП тогаш и небило формирано кога мрежата се поставуваше. Потоа кога се формираше ОЈП врз основа на договор плаќавме приклучок и покрај тоа што мрежата сами ја поставивме.

Абеб Нухии зеде збор и кажа, немие јасен одговорот, вие сте биле прикључени, мрежата на цела територија е направена со самопридонес но по исклучок ако во некоја улица сами ја донеле мрежата треба тоа да го имаме во предвид. Можеби законски е така но општината треба да има во предвид и тие луѓе да ги ослободи од плаќање на приклучок.

Дончо Симјаноски повторно зеде збор и се надоврза, со тоа што на истата линија се приклучиле и другите и тие плаќаат приклучок.

Градоначалникот кажа, ако граѓанинот сам ја спровел мрежата, редот е ние да го ослободиме а ако ние по однос на ова донесеме одлука, тогаш сите истото ќе го побараат, затоа најдобро би било да одиме случај по случај, во ред е граѓанинот да поднесе барање.

Претставникот од ОЈП кажа, нови линии нема, незнам кои се тие линии, ние кога го преземаме водоводот од едно село на пример го преземаме со записник и со список од МЗ и ние сите тие граѓани ги ставаме во систем.

Дончо Симјаноски повторно зеде збор и кажа, немислев на случајот на колегата, ако 10 фамилии спровеле мрежа на таа мрежа ќе се приклучат и други граѓани и тие треба да платат, да се разговара кој е инвеститор на таа линија, колку граѓани се прикључени и слично а не сум против во случајот граѓанинот да се ослободи.

Алихасан Идризи кажа, има една разлика, секоја куќа самофинансирала и потоа некој се запоставил кога е направено учеството, сега има потреба за приклучок и му се земаат дупло пари.

Претседателот на Советот кажа, се работи за лица кои еднаш учествувале, ќе видиме колку такви лица се во Теново, ќе се разгледа за тие што имаат докази дека плаќале .

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Програмата за работа на ОЈП Вардар за 2022 година„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на 14 присутните советници.

## IX

По однос деветата точка од дневниот ред **„Разгледување и усвојување на Одлуката за изменување на одлуката за извршување на буџетот на општина Брвеница за 2022„** ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, на седницата на комисијата се дискутираше и по оваа точка, соодветниот од општината ни образложи и ние точката едногласно ја прифативме, предлагаме и вие да ја прифатите бидејќи се работи само за измена по насоки од надлежното министерство.

Соодветната од општината кажа, Одлуката која вие претходно ја донесовте претрпе некои измени и дополнувања по укажување од Министерството за финансии. Првото укажување е во членот 9 став 1 алинеја 1 износот на наведениот коефициент „25.7551„ потребно е да се корегира, односно да се замени со износот „26.755„. Второто укажување, текстот од член 11 се брише. Третото укажување во член 14 да се изврши усогласување на висината на надоместокот за годишен одмор со Гранскиот колективен договор за правото на регрес и четвртото укажување, во член 16 текстот да се избрише.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Одлуката за изменување на одлуката за ивршување на буџетот на општина Брвеница за 2022„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 14 советници.

**X**

По однос десетата точка од дневниот ред **„Разгледување и усвојување на четврт квартален извештај на буџетот на општина Брвеница за 2021 година„** ја прочита истата, збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, одржавме седница на оваа комисија, материјал имавме и сме го разгледале, исто така и точката ја изгласавме. За повеќе информации ќе ви образложи соодветниот од општината.

Соодветниот од општината кажа, како и секогаш во овој период се носи четвртиот Квартален извештај, претходната година имавме прилив од 81.264.000 реално 141.038.000 или 173%, кај расходите има реализирано 73.064.000 во проценти 89.87%. Кај самофинансирачките активности се работи за партиципација кај градинките 13,85% исто реализирани, кај дотациите за школите 100% е реализацијата. Понатака соодветниот од општината продолжи да образлага по однос кварталниот извештај.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, ме интересира дали од средствата кои влегуваат во општината нешто е исплатено за долговите.

Соодветниот од општината одговори, тие средства не се предвидени во Буџетот, има долгови кои се расчистени .

Градоначалникот кажа, имавме ревизија, има и надворешна ревизија и ќе се каже кои се спорни фактури, кои се за исплата, кои судски ќе ги наплаќаат, на следниот Совет од ревизијата ќе имаме целосна прегледност. Ние не можеме да одлучиме, ако утужат тогаш ќе им платиме, ние не можеме да им платиме без ревизија.

Абеб Нухии се надоврза и кажа, целта ми беше дали од тие пари што се влезени е исплатен некој кредит.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Четврт квартален извештај на буџетот на општина Брвеница за 2021 година„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 14 советници.

**XI**

По однос единаесетата точка од дневниот ред **„Барање за ослободување од наплата за улично осветлување од БАЛ- КОМ ДООЕЛ, општина Брвеница.** ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за урбанизам.

Претседателот на Комисијата за урбанизам кажа, оваа точка беше и минатата седница, ја вративме бидејќи не беше двојазична, ние како комисија донесовме Заклучок да се ослободи од плаќање на такса се додека не се донесе улично осветлување.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Ослободување од наплата за улично осветлување од БАЛ- КОМ ДООЕЛ, општина Брвеница„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 14 советници.

**XII**

По однос дванаесетата точка од дневниот ред **„Разгледување и усвојување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони во о.Брвеница„** ја прочита истата и збор му даде на Секретарот на општината.

Секретарот на општината кажа, овој исто како и останатите Правилници за прв пат се воведува . На сите оние кои го надминуваат лимитот го покрива општината, со ова е утврдено дека на овој начин секој кој ќе го надмине лимитот ќе плати сам, со тоа се заштитува општината.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии кој кажа, досега ме интересираше колку има мобилни телефони и колку било платено, колкав бил лимитот.

Секретарот кажа, до следната седница ќе бидете информирани за обемот, опфатот и лимитот, со јавен повик до операторот, операторот го утврдува лимитот.

Абеб Нухии повторно зеде збор и кажа, не сум против овој Правилник и администрацијата во општината треба да има службени телефони но добро е да се направи една споредба бидејќи овде пишува кој колкава претплата треба да има од Градоначалник, Секретар, Раководители на одделенија и другите вработени. Дали сите вработени треба да имаат телефони или како ќе биде тоа, сумите не се многу високи, со оваа сума може да зборуваат колку сакаат помеѓу себе.

Секретарот кажа, тоа се износи лимитирани но самиот тендер одредува кој колкав пакет ќе добие. Тука се одредува правилно врз основа на хиерархијата, ќе има повеќе пакети но тие се наменски и хиерархиски ќе се даваат, се предвидуваат и поголеми пакети. Сите овие работи се поврзани за службени потреби во никој случај за приватни работи. Со посебно Решение од Градоначалникот ќе се утврди кој каков тарифник ќе добие во однос на потребите од работните задачи. Градоначалникот ќе одлучи кој каков тарифен модел ќе користи за да не биде како до сега произволно да се прават трошоци.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Правилникот за користење на службени мобилни телефони во о.Брвеница.„** ја стави на гласање и истата беше прифатена со 13 советници „ЗА„ и еден „Воздржан„.

**XIII**

По однос тринаесетата точка од дневниот ред „**Одлука со која се дава согласнос на Правилникот за изменувањето и дополнувањето на Правилникот за систематизацијата на работните места на ЈОУГД градинка "СОНЦЕ- ДИЕЛИ."с.Брвеница,,** ја прочита истата и збор и даде на соодветната од општината.

Соодветната од општината кажа, материјалот сите го имате добиено, Управниот одбор на градинката минатата недела имаше одржано состанок каде имаше потреба да се изврши измена на систематизацијата, имаше потреба за дипломиран дефектолог за децата со попреченост, откако ќе донесете Одлука истата прво се носи до МТСП а потоа во МИОА.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Правилникот за изменувањето и дополнувањето на Правилникот за систематизацијата на работните места на ЈОУГД градинка "СОНЦЕ- ДИЕЛИ."с.Брвеница,,** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 14 советници.

**XIV**

По однос четрнаесетата точка од дневниот ред **„Предлог-Одлука за изменување на лица во составот на просторниот штаб за заштита и спасување,,** ја прочита истата и кажа, оваа точка се донесува бидејќи поминат е мандатот на членовите на Просторниот штаб и збор му даде на соодветниот од општината.

Соодветниот од општината кажа, оваа точка е за донесување на Одлука, според Законот за заштита и спасување општината има ингеренции за оваа дејност, имаше и порано а сега бидејќи има нови моменти и треба да се заменат и дополнат некои од членовите, ова е законска обврска со која Одлуката треба да се донесе на Совет.

Претседателот на Советот отвори расправа и праша дали членовите треба да се вработени во општината.

Соодветниот од општината кажа, до сега биле вработени од општината, најдобро е така бидејќи ќе имаат подобра координација поради блискоста на работа. Ова е кризен штаб и тој треба да е координиран секојдневно, затоа до сега биле од редот на вработените во општината поради секојдневната координација.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Одлука за изменување на лица во составот на просторниот штаб за заштита и спасување.,,** ја стави на гласање и истата се прифати од страна на присутните 14 советници.

**XV**

По однос петнаесетата и дополнителна точка од дневниот ред **„Разгледување и усвојување на Правилникот за постапката, начинот и условите за користење на спортската сала „Коста Рацин,, во село Брвеница,,** ја прочита истата и збор му даде на Секретарот на општината да образложи по однос истата.

Секретарот на општината кажа, се обидовме изминатиов период да ја ставиме спортската сала во функција, остана само набавката на столчиња. Затоа мора да се донесе Правилник за начинот на одржување, како и училиштето Коста Рацин кое се наоѓа во непосредна близина на истата да може да ја користи за образовниот процес додека во сабота и недела ја користат спортските клубови, Културно уметничките друштва и други. Иницијатор беше УСК од 7 Марси Челопек кои институционално мора да постапат за да се вклучат во фудбалската лига.

Претседателот на Советот отвори расправа и кажа, јас имам забелешка, тоа е јавна сала и нее само Коста Рацин училиште во оштината имаме и други училишта понекогаш имаат потреба да ја користат и тие. Во член 6 пишува дека спортската сала можат да ја користат секој работен ден од 19,30 до 23 часот а за сабота и недела нее потенцирано, може да стои сабота и недела дека може да ја користат од 10,00 до 22 часот кога не се одвива наставата. Јас немам ништо против учениците од Коста Рацин но салата е јавна и треба да можат да ја користат учениците од сите училишта и јас нема да гласам.

Градоначалникот кажа, ние сето ова го забрзавме поради децата од училиштето во Челопек кои сакаат да се вклучат во фудбалскиот сојуз, тие регистрирале клуб и секако дека ќе имаат право да ја користат салата како и сите ученици од училишта на подрачјето на општината. Значи што се однесува до забелешката дека не се сите училишта пишани во членот 6 во Правилникот во право сте а и тоа дека може за викенд да се користи цел ден а и КУД може да ја користат исто така.

Претседателот на Советот кажа, не било тешко да се напише „и учениците од другите училишта„.

Секретарот кажа, во член 6 исто така пишува дека спортската сала можат да ја користат и други правни и физички лица, Културно уметничките друштва и учениците, се мисли на цел ден и за време на викендите. Спортската сала се дава од образовни причини , секогаш ќе имаат приоритет оние кои се во процесот на образование односно од образовни причини. На пример ако има организирано КУД а треба да ја користат децата од училиштата тука е акцентот ставен на воспитно образовниот процес, може да се организира превоз за учениците од другите училишта, значи од технички аспект може да се дополни.

Злате Китаноски зеде збор и кажа, во член 2 не е нагласено училиштето Коста Рацин туку спортската сала Коста Рацин.

Претседателот на Советот кажа, нека се надополнат членовите во Правилникот за да нема некои недоразбирања.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Правилникот за постапката, начинот и условите за користење на спортската сала „Коста Рацин„ во село Брвеница„** ја стави на гласање и истата се прифати заедно со предлогот на Бујамин Рушити да се стави во Програма од страна на присутните 13 „ЗА„ , еден „Воздржан„ од 14 присутни советници.

**XVI**

По однос шеснаесетата и дополнителна точка од дневниот ред **„Предлог-Одлука со која се дава согласност за изработка на Основен сообраќаен Проект и Ревизија на Проект за забавување на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Брвеница„** ја прочита истата и кажа, и порано сме имале точки на дневен ред за ваков вид на технички средства и секогаш ни беше кажано дека треба да се добие дозвола од Министерство за транспорт и врски, сега имаме нови моменти кои ни даваат можност да го реализираме овој проект. Ние точката едногласно ја прифативме предлагаме и вие да ја прифатите.

Секретарот на општината кажа, оваа активност е по иницијатива на граѓаните и се задолжува Градоначалникот да направи Проект и Ревизија на Проект за забавување на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Брвеница, до сега било заблуда дека не може да се поставаат такви сообраќајни средства за таа цел но од МВР ни елаборираа дека може, со носење на решение од страна на Градоначалникот.

Претседателот на Советот отвори расправа и кажа, ова се однесува само за регионалниот пат но за други населени места каде нее регионален патот да не правиме такви барикади какви не доликува. Да се изработи проектот и техничките средства да се стават таму каде што треба.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Одлука со која се дава согласност за изработка на Основен сообраќаен Проект и Ревизија на Проект за забавување на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Брвеница„** ја стави на гласање и истата се прифати од страна на присутните 14 советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши петтата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**

Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**
**Бујамин Рушити**

**Бр.08- 302/2**
**24.02.2022 год.**
**Брвеница**